
Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2013 ГОДИНА



ЈАНУАРИ 2014 год.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 ГОДИНА ЗА РАБОТАТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ П Р И Л Е П

заштита на спомениците на културата

јануари 2014 година

Основна дејност на Националната Установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е заштитата на спомениците на културата и музејската дејност.

Заштитата на спомениците на културата се остварува преку:

-изработување на студии, елаборати, анализи и други материјали поврзани со заштитата на спомениците на културата;

-изработување на проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;

- вештачења, надзор, ревизија и други работи од областа на заштитата на спомениците на културата;

-води регистри на спомениците на култура;

-води стручна евиденција и документација за спомениците на културата;

За 2013 година, во Програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата - од областа на заштитата на културното налседство, беа одобрени средства за реализација на 17 проекти и тоа:

1. **Изработка на Елаборат за ревалоризација на споменичкиот комплекс Маркови Кули во Прилеп;**
2. **Систематски археолошки истражувања на локалитетот Трештена стена с. Манастир, КО Манастир, Мариово;**
3. **Археолошки истражувања на Гробници издлабени во камен во прилепско II фаза во атарот на село Горно Село, прилепско;**
4. **Изготвување на конзерваторски проект за реконзервација на среднонеолитско земјено светилиште - од локалитетот Врбјанска Чука кај с. Славеј, прилепско;**
5. **Непосредна заштита - тековно одржување на галеријата Никола Мартиновски, ул. Нико Доага бр. 65 б во Крушево;**

6. **Непосредна заштита - тековно одржување на работилница за оружје за време на Илинденското востание во Крушево- Леарница, ул. Томе Никле бр. 57, Крушево;**
7. **Ревалоризација на куќа на ул. Коча Миленку бр.32 во Крушево;**
8. **Ревалоризација на куќа на ул. Нико Доага бр. 52 во Крушево;**
9. **Изработка на заштитно конзерваторски основи за Детален урбанистички план за УБ 16-2, УЕ 9.01,9.02, Уе 8, УБ 8.02, УЕ 16, УБ 16.01 во Прилеп и Детален урбанистички план за споменичка целина Крушево;**
10. **Изработка на конзерваторски проект за куќа на ул Нико Доага бр. 65 во Крушево;**
11. **Конзерваторски проект и непосредна заштита - реализација на конзерваторски проект за куќа на ул. Коча Миленку бр. 14 во Крушево;**
12. **Непосредна заштита - реаализација на конзерваторски проект-комплетна конзервација иа реставрација на живописот на црквата св. Никола во с. Манастир, Мариово, прилепско;**
13. **Непосредна заштита - тековно одржување на покривот на црквата св. Никола , Варош, Прилеп;**
14. **Непосредна заштита - тековно одржување на покривот од црквата св. Димитрија, Варош, Прилеп;**
15. **Непосредна заштита - реализација на основен проект за темелна реконструкција на источниот конак од Манастирот св. Арахангел Михаил во Варош, Прилеп, фаза II ;**
16. **Ревалоризација на културно наследство;**
17. **Изработка на проект за обнова и изградба на конаците во Манастирот Трескавец.**

I. Реализација на проектите од областа на заштитата:

1. Реализација на Прокетот: Изработка на Елаборат за ревалоризација на споменичкиот комплекс Маркови Кули во Прилеп;

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор

Стручен кадар: Грибовска Сузана, диа, конзерватор

Др. Бранко Ристески, археолог, од ЈНУ Институт за старословенска култура од Прилеп, надворешен член

Временска рамка: од 16.10.2013 до завршување на работите

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во култура за овој Проект беа одобрени средства во висина од 150.000.оо ден. од кои со решение префрлени се 105.000.оо ден а останатите средства се пренесена обврска за 2014 г.

Реализација: Со реализација на Проектот се започна на 16.10.2013 година и сеуште е во тек.

Со оглед на тоа дека, овој значаен локалитет, со посебен Закон од 2006 година, е ставен под заштита како природен, културен и историски предел на управување на ЈНУ Институт за старословенска култура, неопходно се наметна потребата за ангажирање на лице од оваа Научна установа , се со цел, добивање на релевантни податоци за изработка на Елаборатот.

Поради фактот што до сега никогаш не е направено снимање на целиот локалитет поради големиот просторен опфат на истиот, никогаш не се правела целосна евиденција на објектите распространети на овој локалитет- нивната местоположба, комуникациска поврзаност, целосно и комплетно евидентирање на археолошките локалитети на самите Маркови Кули, црквите, ниту пак исрцтување на сите овие податоци, изработка на техничка документација со сите податоци за релјефот на теренот, висинските коти поставеноста на објектите во тие подлоги и на крај вклопувањето на сето ова во една релевантна документација, бездруго дополнително ја усложни и забави реализацијата на проектот. Поточно сето она со кое ЈНУ Институт за старословенска култура располага како документација за овој локалитет треба да се вклопи и подреди според одредбите од Законот за заштита на културното наследство и подзаконскиот акт Правилникот за изработка на Елаборати за валоризација и ревалоризација на спомениците на културата.

Со реализацијата на овој проект, овој значаен локалитет, оваа историја раскажана низ богатите културни слоеви презентирани низ многубројните наоди од праисторијата па се до средниот век, многукратно истражуван, ќе ја потврди својата бесценета вредност и место во листата на македонските но и светски споменици на културата. Ова, од своја страна пак ќе донесе да се промени перцепцијата за овој споменик на културата и неговиот третман, и почит кон него.

2. Систематски археолошки истражувања на локалитетот Трештена Стена с. Манастир, КО Манастир, Мариово.

Раководител на тимот : Ацо Миткоски, археолог, кустос советник,
Стручен кадар: Сашо Ацески, археолог, надворешен соработник

Временска рамка: од 08.07.2013 до 1.08.2013 г.

Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект од страна на Министерството за култура беа одобрени средства во висина од 100.000.оо ден.


Реализација: Реализацијата на Проектот се одвиваше во квадрантите 15 и 19 во крајниот југоисточен дел на платото од сонда IV.
Со овогодинешните истражувања се доби појасна слика за периодот на енеолитот на овој простор.
Пронајдени се голем број на наоди пред се фаргменти од керамички садови кои упатуваат на тоа дека овој простор се користел за живеење и во бронзеното време. Поединечни наоди од овој период претходно беа пронајдени и во просторот на квадрантите 5 и 16 во сондите II и III што дава за право да се заклучи дека локалитетот бил користен за живеење и во овој временски период.

Со истражувањата оваа година и евентулано следните археолошки кампањи, се комплетира мозаикот и се добива појасна слика за животот на луѓето во периодот на енеолитот на просторот во Мариово. Од особено големо значење се новите сознанија за начинот на подигање на на објектите како и за предметите од материјалната и духовната култура кои фрлаат нова светлина врз овие простори и за овој до сега малку истражуван период. Тука пред се треба да се спомнат култната маса како и фрагментираниот бронзен предмет кој е уште еден податок, доказ дека тие што го населувале овој простор не само што го познавале металот туку и го употребувале во секојдневниот живот.
Секако сите овие откритија ќе придонесат за поголемо запознавање на домашната секако и странската научна и стручна јавност за населбите, квалитетот и начинот на живот и во праисторијата во широкото пространство на мариовскиот дел од Македонија.




КВ. 19


1
2
5
7
8
9
6
3
10
4
11



3.Археолошки истражувања на Гробници издлабени во камен во прилепско

II фаза на локалитетот Сурун, во атарот на село Горно Село, прилепско;

Раководител на тимот: Душко Темелкоски, археолог, виш кустос

Стручен кадар: Сарваноски Стеван и Кебакоски Дејан, археолози, надворешни соработници

Временска рамка: од 26.04 до 30.05. 2013 г.

Одобрени средства: Проектот се реализира со средства од Министерството за култура во висина од 100.000.оо ден.

Реализација: Во текот на оваа година се доистражи гробницата 1 на пунктот Испраена Плоча и 4 гробници во пунктот Тумба. Исдтражените објекти претставуваат специфичен начин на погребување во издлабени карпи од доцномакеднонскиот период (II в.п.н.е.)

Гробницата 1 оваа година целосно се доистражи со што се добија податоци за нејзиното градење и облиците на архитектонските делови, дромосот, предкомората и комората која е со срушена таваница.Веднаш до оваа гробница се констатира погребување со спалување на покојникот , од раноримскиот период.

Со истражувањата на останатите 4 гробници се добија прецизни податоци за обликот и димензиите на архитектонските елементи на овие гробници.

Во сите гробници истражени во оваа археолошка кампања пронајдени се голем број фрагмент од керамички садови, делови од накит и монети од бронза.

Откривањето и истражувањето на овој тип на гробници е доста значаен дел од сознанијата за археолошките остатоци и трагите на живеење во

широкиот простор од опфатот на Маркови Кули и Трескавец во македонскиот период, што впрочем се потврдува и со интересот на странските научници (минатата година истражувањата се реализирани заедно со докторант од факултетот за археологија од Сиднеј, Австралија). Со евентуалната конзервација и подготовка за достојна презентација во следните години и релативно лесниот начин да се дојде до нив, претставуваат сегмент од нашата историја, кој секој би сакал да го посети и доживее.



истражување Сурун, м.в Испраена плоча (Гробница 1 и конструкција)



истражување Сурун, м.в Тумба (Гробница 3)



истражување Сурун, м.в Испраена плоча (Гробница 1 - наоди)

4.Изготвување на конзерваторски проект за реконзервација на среднонеолитско земјено светилиште - од локалитетот Врбјанска Чука кај с. Славеј, прилепско

Раководител на тимот: Ацо Миткоски, археолог, кустос советник
Стручен кадар: Горан Стојаноски, виш конзерватор
Оливера Макриевска, виш конзерватор со конзерваторска лиценца, надворешен соработник
Временска рамка: од 14.04. до ноември 2013 г.
Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2013 година, овој Проект е финансиран со средства од Министерството за култура во висина 150.000.оо ден.
Реализација: Проектот е реализиран според методологијата пропишана со Правилникот за изработка на проекти за конзервација, реставрација итн. односно најпрвин е изработена и прифатена Програма за конзерваторско - реставраторски истражувања, после што е изработен и Проектот за реконзервација и реставрација. Истиот е испратен во Национален конзерваторски центар за стручна контрола.

Со средствата одобрени за изработка на овој Проект и евентуалната реализација во следната година на истиот, ќе се овозможи реконзервација на системот на жртвеници, многу вреден експонат не само во рамките на нашата држава туку и на Балканот и Европа. Овој експонат, стар 7000 години претставува почеток на приказната за постоењето и животот на луѓето на овие простори, експонат редок по своето значење. При секоја посета на постојаната археолошка поставка во НУ Завод и Музеј во Прилеп, посетителите од сите возрасти, стручни или не, со особено големо внимание ги следат информациите поврзани со овој експонат.

5. Непосредна заштита - тековно одржување на галеријата Никола Мартиновски, ул. Нико Доага бр. 65 б во Крушево;

Конзерваторски надзор: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник
Временска рамка: од 1.07. до 31.07.2013г
Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект одобрени се средства во висина од 200.000.оо ден.
Реализација: Во текот на реализацијата на овој проект преземени се следните зафати : од фасадата е отстранет стариот малтер и повторно нанесен нов со молерисување. Сите дрвени елементи на фасадата се премачкани со нов мрсен слој . Ископан е и затрупан канал за зафаќање на дождовница и изработен е цефковод за прибирање на водата од олуците.Фугирани се камените капаци со цементен малтер.
Молерисани се внатрешните простории, и со мрсен премаз пртемачкани се внатрешните ѕидови и таванот од канцеларијата во сутеренот.

Со реализацијата на ваквите проекти се спречуваат поголемите оштетувања на објектите кои се културно наследство, со што тие остануваат во одлична состојба важна за нивната презентација пред домашните и странските посетители.



Варосување на фасади и боење на фасадна столарија



Предна фасада по завршување на работите

6. Непосредна заштита - тековно одржување на работилница за оружје за време на Илинденскотот востание во Крушево- Леарница , ул. Томе Никле бр. 57, Крушево;

Конзерваторски надзор: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник
Временска рамка: Проектот е реализиран во периодот од 12.06. до 12.10.2012 година.
Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект одобрени се средства во висина од 160.000.оо ден.
Реализација: Во текот на реализацијата на овој проект извршени се следните градежни зафати: после отстранувањето на стариот малтер корегирани се делови од фасадата и прекриени со нов слој од вар., извршени се поправки на надворешната столарија и накнадно премачкани со нов слој на боја сите дрвени елементи на фасадата. Зацврстена е конструкцијата на надворешната настрешница, и премачкана е со нов слој на мрсна боја металната ограда. Тековното одржување завршува со молерисување на канцеларијата од кустосот и премачкување на подот и таваницата во истата канцеларија.

Со реализацијата на ваквите проекти се спречуваат поголемите оштетувања на објектите кои се културно наследство, со што тие остануваат во одлична состојба важна за нивната презентација пред домашните и странските посетители.



Ѕидови во канцеларија со влага и паднат малтер, пред конзервација



Ѕидови во канцеларија ослободени од малтер и фугирани

7.Ревалоризација на куќа на ул. Коча Миленку бр.32 во Крушево;
Раководител на тимот: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник
Стручен тим: Сузана Грибовска, диа, конзерватор
Временска рамка: од 14.05. до 10.06.2013 г.
Одобрени средства: Проектот е реализиран со средства од Министерството за култура во висина од 20.000.оо ден.
Реализација: Проектот е реализиран во временската рамка и испратен за добивање на решение - споменик на културата до Управата за заштита на културното наследство.

8.Ревалоризација на куќа на ул. Нико Доага бр 52 во Крушево;
Раководител на тимот: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник
Стручен тим: Сузана Грибовска , диа, конзерватор
Временска рамка: 14.05 до 17.06.2013 г.
Одобрени средства: Проектот е реализиран со средства од Министерството за култура во висина од 30.000.оо ден.
Реализација: Проектот е реализиран во временската рамка и испратен за добивање на решение - споменик на културата до Управата за заштита на културното наследство.

9.Изработка на заштитно конзерваторски основи за Детален урбанистички план за УБ 16-2, УЕ 9.01,9.02, УЕ 8, УБ 8.02, УЕ 16, УБ 16.01 во Прилеп и Детален урбанистички план за споменичка целина Крушево;
Проектите за изработка на Заштитно конзерваторски основи за УБ и УЕ во Прилеп и Крушево не се реализирани бидејќи ЛС на Општините Прилеп и Крушево до НУ Завод и Музеј од Прилеп не доставија Ажурирани геодетски подлоги кои се предуслов за изработка на основите. Одобрените средства за оваа намена во висина од 150.000.оо ден. се вратени во Министерството за култура.

10.Изработка на конзерваторски проект за куќа на ул Нико Доага бр. 65 во Крушево;
Раководител на тимот: Васка Печијареска , диа, конзерватор советник
Стручен тим: Илија Беличоски ,диа, А овластување
Сашо Бикоски, статика, А овластување
Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор
Временска рамка: проектот е исработен за еден месец
Одобрени средства: За реализацијата на Проектот во Програмата за финансирање проекти од национален интерес издвоени се средства во висина од 250.000.оо ден.
Реализација: Со изработката на овој проект, како и со неговата реализација ќе се овозможи обновување на фасадата на уште една куќа во Крушево, со што ќе се придонесе за зачувување и презентирање на крушевската градителска традиција, како пред домашната така и пред странската јавност.

11. Конзерваторски проект и непосредна заштита - реализација на конзерваторски проект за куќа на ул. Коча Миленку бр. 14 во Крушево;
Раководител на тимот: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник
Стручен тим: Илија Беличоски, диа, А овластување
Ѓорѓиевска Елена, диа, конзерватор
Сашо Бикоски, дги, А овластивање , статика
Оливера Макриевска, историчар на уметност,виш конзерватор
Временска рамка: После исполнувањето на законската обврска, објавување на тендер и избор на изведувач се премина кон непосредна реализација на проектот која траеше од 19.08. до 25.10.2013 г.
Конзерваторски надзор: Печијареска Васка, диа, конзерватор советник
Одобрени средства: За реализацијата на Проектот од Министерството за култура добиени се средства во висина од 6.000.000.оо ден.
За 2014 година како пренесена обврска се средства во висина од 1.811.576.оо ден.
Реализација: Во текот на реализацијата на проектот изведени се следните работи:

- градежни работи целосна обнова на фасадните ѕидови од сите 4 страни на објектот со грубо и фино малтерисување (со сите фази)
- демонтажа на постојните салонитни плочи на покривот и замена со камени плочи (со сите фази)
- изведени се сите лимарски работи и опшивки (со сите фази)
- столарски работи (со сите фази)
- целосна конзервација на сликарската композиција на фронтонот над балконот од северната фасада.

Реализацијата на овој проект не само за Крушево но и за Република Македонија е од големо значење. Куќата како пример за старограднска крушевска куќа е своевиден споменик за градителското наследство на нашата земја.Со враќањето на стариот изглед на куќата и на сите градби од овој тип, добиваме споменици на културата кои со тоа што ја отсликуваат нашата градителска традиција привлекуваат и голем број како домашни така и странски туристи кои не само што ќе се запознаат со неа туку се и потенцијални гости на Крушево. На овој начин се збогатува туристичката понуда на Крушево и Македонија.



Состојба на куќата на "Коча Миленку" 14 во 2005 год.



Поглед на куќата од север после завршени конз. рест. работи



Детал на сликана декорација на фронтонот на северната фасада



Фронтон над балконот на северната фасада после конзерв. работи

12.Непосредна заштита- реализација на конзерваторски проект- комплетна конзервација иа реставрација на живописот на црквата св. Никола во с. Манастир, Мариово, прилепско;

Раководител на тимот: Атанасоски Благоја, историчар на уметност, конзерватор советник
Временска рамка: Од 11.11 па се до 11.12.2013 година
Одобрени средства: Во Програмата за финансирање проекти од национален интерес за реализацијата на овој Проект беа одобрени средства во висина од 200.000.оо ден. Поради измени во финасирањето за оваа година добиени се 100.000.оо ден. а преостанатите се пренесена обврска во 2014 година.
Реализација: Во оваа прва фаза на реализација се започна со отстранување на механичките оштетувања на фрескоживописот и тоа во следните етапи : отсранување на стариот и оштетен конзерваторски кит/малтер втора етапа-консолидирање и санирање на оштетувањата на основниот и сликарскиот малтер и поставуивање на нов кит.
Во првата етапа отстранувањето се одвиваше по механички пат , крајно внимателно при што на одредени места се употребуваше и лепење на газа заради посигурно фиксирање на живописот како би се осигурал делот од било какви можни оштетувања.
Во втората етапа главно се работеше на консолидирање на рабовите од оштетувањата и поставувањето на пластична мрежа за време на китирањето.
Најпосле се премина кон поставување на нов кит и тоа на сите ѕидови во јужниот брод и на јужниот ѕид од централниот брод во наосот.

Конзервацијата на фрескоживописот е многу значајна мерка во презентацијата на овој значаен споменик на културата, кој долго време бил запоставен и заборавен. Посетеноста од страна на домашните и странски туристи е многу голема, така што евентуалната конзервација на архитектурата уште повеќе ќе го зголеми интересот за оваа црква.























13. Непосредна заштита - тековно одржување на покривот на црквата св. Никола , Варош, Прилеп.

Конзерваторски надзор: Илија Ристески, диа, виш конзерватор
Временска рамка: од 22.07. до 09.08.2013 г.
Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект во Програмата за финансирање проекти од национален интерес беа одобрени средства во висина од 120.000.оо ден. За целосна санација на покривот НУ Завод и Музеј Прилеп дополнително ангажира и сопствени средства во висина од 83.000.оо ден.
Реализација: Отстранет е целосно стариот варов малтер, направена е нова подлога од варов малтер, па поставени се летви во две нивоа врз претходно поставената паропропусна и водонепропусна фолија врз која подготовка се ставени новите керамиди. Вака завршеното тековно одржување овозможува

заштита на објектот за следните 7-8 години за кое време би требало да се изработи проект за целосна замена на кровниот покривач на црквата, со нови техники и материјали за препокривање, се со цел подолгорочна заштита на црк

Со реализацијата на ваквите проекти се спречуваат поголемите оштетувања на објектите кои се културно наследство, со што тие остануваат во одлична состојба важна за нивната презентација пред домашните и странските посетители.



претходна состојба



состојба по непосредна заштита



црква св. Никола , Варош, Прилеп

14.Непосредна заштита - тековно одржување на покривот од црквата св. Димитрија, Варош, Прилеп;
Конзерваторски надзор: Илија Ристески, диа, виш конзерватор
Временска рамка: од 22.07. до 09.08.2013 г.
Одобрени средства: За реализација на овој проект одобрени се средства во висина од 120.000.оо ден.
Реализцаија: Реализацијата на тековното одржување се однесување скоро на сите покривни површини.Најпрво е отстранет стариот варов малтер врз кој лежеле керамидите . Откако е заменет со нов слој на варов малтер , вратени се страите керамиди. Останува потребата, во догледен период, да се изработи нов конзерваторски проект со примена на новите материјали и техники за препокривање на црквата.

Со реализацијата на ваквите проекти се спречуваат поголемите оштетувања на објектите кои се културно наследство, со што тие остануваат во одлична состојба важна за нивната презентација пред домашните и странските посетители.



тековно одржување на покривот од црквата



црква св. Димитрија, Варош, Прилеп

15.Непосредна заштита - реализација на основен проект за темелна реконструкција на источниот конак од Манастирот св. Арахангел Михаил во Варош , Прилеп, фаза II ;

Конзерваторски надзор: Илија Ристески, диа, виш конзерватор
Временска рамка: После исполнувањето на законската обврска со објавување на повеќегодишен тендер на кој е избран изведувачот ГИМ од Скопје, со работа на објектот се започна на 12.07.2013 година до завршувањето на работите.
Одобрени средства: За реализацијата на оваа втора фаза (продолжување на АБ столбови и втора АБ плоча , изведба на фасадни и преградни ѕидови и надворешни скали) од Проектот, одобрени се средства во висина од 3.000.000.оо ден.
Реализација: При реализацијата на оваа фаза уште повеќе дојдоа до израз тешкотиите кои се последица на непристапноста на теренот на кој се работи и отежнатиот дотур на градежен материјал како и негово транспортирање до местото за градба. Како резултат на овие тешкотии реализацијата беше со забавена динамика. Доплнително реализацијата се забави и со настапувањето на неповолните временски услови, дождови и ниски температури , неприкладни особено за бетонските елементи. Реализацијата продолжува во 2014 година.

Реализацијата на Проектот е од големо значење поради евидентната потреба од овој конак. Имено после уништувањето на овој конак со пожарот во 16 век , во повеќе наврати се правеле обиди да се обнови. Последниот обид датира од 1995 година кога поради лоши конструктивни решенија иако изграден до првиот кат , конакот сепак се срушил .
Со целосната реализација на овој Проект , манастирот Св. Арахангел Михаил ќе се вообличи како манастирски комплекс, нешто што во овој момент недостасува, и што е од голема важност и за самиот манастир но и за жителите на Прилеп.



реконструкција на источниот конак



реконструкција на источниот конак



реконструкција на источниот конак

16. Ревалоризација на културно наследство;
Реализација: Поради измени во финасирањето за оваа година, Проектот не е реализиран.

17.Изработка на проект за обнова и изградба на конаците во Манастирот Трескавец;

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор
Стручен тим: Јованоски Кире, диа, конзерватор советник, член
Ѓорѓиевска Елена, диа, конзерватор, член
Грибовска Сузана, диа, конзерватор, член
Бикоски Сашо, дги, А овластување , статика, надворешен член
Временска рамка: Проектот беше изработен во периодот од 3 месеци.
Одобрени средства: За изработка на проектот Министерството за култура издвои средства во висина од 500.000.оо ден.
Реализцаија: Стручниот тим од НУ Завод и Музеј Прилеп го изработи основниот проект во делот за архитектурата и статиката со надворешниот соработник, додека пак надворешни тимови ги работеа деловите за топловодното греење, водовод и канализација и елетротехничкиот проект, бидејќи нашата установа не располага со соодветниот профил на стручен кадар од овие области.

II. ВОНПРОГРАМСКИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

1.Реализација на основен проект за конзервација на археолошкиот локалитет Стибера, сектор Гимназиона, пункт IV дел од хеленистички бедем

Раководител: Јованоски кире, диа, конзерватор советник
Временска рамка: од 16.05. до 9.07.2013 г.
Одобрени средства: Средствата се обезбедени од Министерството за култура како пренесена обврска од 2012 година , во висина од 750.000.оо ден.
Реализација: Во текот на оваа конзерваторска кампања извршена е конзервација на дел од Гимназионот пункт I и пункт IV. Дел од одводниот канал и дел од хеленистичкиот бедем .
Потребата за превземање на конзерваторски работи на архитектурата откриена со археолошките истражувања во 2009,2010 и 2011 г. пред се заштита и унапредување на состојбата во која се откриени истите а како дополнителен мотив е изложеноста на објектите и елементите од архитектурата на директните атмосферски влијаниа а со тоа и загрозеност од разградување на материјалите, врзното средство и рушење на истите. Доплнителен факте е и загрозеноста од физички оштетувања ако се има во предвид непосредноста на селото до локалитетот.

Се изврши постапка на конзерваторскиот процес идентична за двата објекти и се состоеше во чистење на завршната партија на ѕидовите од камен со варов малтер или малтер од кал до ниво на здрава контактна површина за нанесување на нов малтер како врзно средство. Нивото на одѕидување на завршната партија зависеше поединечно од структурата на ѕидната маса како целина или компактноста на завршната партија на откриените ѕидови. Со оглед на тоа дека објектите и по конзервацијата ќе бидат изложени на надворешни влијанија како врзни средство во текот на ѕидањето со камен се употребуваше продолжен малтер. Каменот се избираше соодветен по големина, боја и структура како постоечкиот од претходно селектиран камен набавен со откуп. Со конзерваторскиот процес се изврши реконструкција на ѕидните маси до определена висина според проектот со цел дефинирање на содржините. Се изврши консолидација на ѕидната маса меѓу остатоците од објектите и реконструираните делови, обработка на фасадните површини со завршни фуги и заливање на завршните бпартии од горната страна со цементен малтер кој ќе овозможи заштита од атмосферилии и спречување од разградување.
По извршената конзервација се дефинираа архитектонските содржини на двата објекти кои претставуваат дел од истите објекти на овој сегмент од градот Стибера.

Реализацијата на конзерваторскиот проект на локалитетот Стибера, ја пополнува и потврдува сликата за важноста на овој локалитет односно градот Стибера во периодот во кој опстојувал(II в. п.н.е. до II в.н.е.)По извршената конзервација покрај заштитата на културното добро како конзерваторски процес се заокружи и секторот Гимназион како еден сегмент од градот Стибера каде се наоѓаат и се веќе конзервирани и презентирани Гимназионот, Хероонот со екседрата, потпорниот ѕид, римскиот бедем, хеленистичкиот бедем, култните објекти, одводниот канал, со што се дефинира формата, структурата и содржината на секторот Гимназионм како целина.
Со ставањето на локалитетот Стибера во редот на капиталните проекти на Министерството за култура, како и висината на средствата за конзервација на откриеното, оваа година придонесоа за голема популаризација и запознавање на македонската и поширокатa јавност за важноста на овој локалитет, кој изминатите 30 години неправедно бил запоставен во смисол на средства.
Доказ за се поголемиот интерес за посета на Стибера се се почестите барања од туристичките агенции за информации како да се дојде до локаалитетот но и се поголем број на школски екскурзии кои го посетиле . Од голема важност се посетите на младите луѓе кои од најраната возраст но и средношколците на самото место се запознаваат и се учат да го почитуваат и да бидат горди на културното наследство на Прилеп, а со тоа и на Македонија.



состојба пред конзервација



состојба во тек на конзервација



состојба по конзервација



состојба по конзервација

2.Елаборат за ревалоризација на куќа на ул. Нико Доага бр. 56 во Крушево
Раководител на тимот: : Васка Печијареска, диа, конзерватор советник.
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства.

3. Предлог за донесување на Акт за престанок на заштита на куќа на ул. Нико Доага бр. 56 во Крушево
Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник
Стручен тим: Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор
Одобрени средства: Проектот е реализиран од сопствени средства.

4. Елаборат за ревалоризација на куќата на ул. Манчу Матак бр. 28, во Крушево
Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа , конзерватор советник
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа , конзерватор;
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства.

5. Предлог за донесување на Акт за престанок на заштитата на куќа на ул. Манчу Матак бр. 28 во Крушево.
Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа , конзерватор советник
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа , конзерватор;
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства.

6. Елаборат за ревалоризација на куќата на ул. Партизанска бр. 30, во Крушево
Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа , конзерватор советник
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа , конзерватор;
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства.

7. Предлог за донесување на Акт за престанок на заштитата на куќа на ул. Партизанска бр. 30 во Крушево.
Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа , конзерватор советник
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа , конзерватор;
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства.

8. Вршење увиди по барање на Управата за заштита на културното наследство за легализација на објекти

Во текот на оваа година извршени се вкупно **58** увиди кои се однесуваат на легализација на дивоградби на територијата на нашата меснонадлежност, односно во Прилеп и Крушево.

НАПОМЕНА:
За увидите што се однесуваат на легализација на бесправно изградените објекти бидејќи се вонпрограмска активност, очекуваме дека ќе бидат одобрени дополнителни средства за гориво и поштенски трошоци, бидејќи во спротивно се доведува во прашање реализацијата на барањата доставени до нашата установа.

9. Стручна контрола на Проекти изработени од други правни субјекти, или по барање на физички лица

Во текот на оваа година Комисии формирани од стручните лица во НУ Завод и Музеј, извршија стручна контрола на **41** Проекти (идејни и основни).

10. Конзерваторски надзор при реализација на проекти кои не се дел од програмата на НУ Завод и Музеј од Прилеп, истите се со надворешни реализатори врз објекти од културното наследство

Во текот на изминатава година стручните лица од нашата установа извршија конзерваторски надзор на 3 објекти.

11. Одговори на барања и увиди по барања на правни и физички лица
Во текот на 2013 година стручните лица од нашата установа извршија увиди по барање на правни и физички лица и одговорија на барања од правни и физички лица во вкупно 26 случаеви.

12. Ативности поврзани со работата на НУ Завод и Музеј од Прилеп со директно ангажирање на директорот
- постојано присуство во текот на 1 месец во манастирот Трескавец после опожарувањето на 4.02.2013 г.
- секојдневно ангажирање околу планирањето на активности за расчистување на остатоците после пожарот во манастирот Трескавец со координативното тело формирано од ЛС на Општина Прилеп и контакти со правни и физички лица, донатори за манастирот.
- учество во емисии посветени на состојбите во манастирот Трескавец на ТВ Визија, ТВ Сонце, Канал 5, списанијата Нова Македонија и Зенит.
- одржување на прес конференции посветени на работата на НУ Завод и Музеј од Прилеп како пишани така и електронски медиуми.
- директни контакти со заинтересирани правни и физички лица по нивно барање.
- учество во работата на координативните сопстаноци на ЛС Општина Прилеп во организација на Градоначалникот на општината.

13. Заштитни археолошки ископувања

По дојава на службени лица од касарната Мирче Ацев во Прилеп за случајно откритие на објект со непозната намена при изведување на градежни зафати (ископување на канална мрежа за поставување оптички кабел), од 25 до 28 декември се изврши заштитни археолошки ископувања на локалитетот Касарна- Прилеп. Од ископувањата се констатира дека станува збор за одводен канал на објект. Каналот е изѕидан со три редови камен со средна големина и покриен со попречни камени плочи. Од движни наоди евидентирани се неколку фрагменти од керамички садови кои потврдија дека каналот е граден во доцно античко време, користен и подоцна.



истражување Касарни - откриен објект - канал

14. Соработка со други Институции

Од 22 септември па се до 5 октомври оваа година, во рамките на Проектот Систематски архолошки ископувања на локалитетот Старо Бонче во атарот на село Бонче, стручно лице од НУ Завод и Музеј Прилеп, зеде учество во истражувањата кои ги вршеше Институтот за археологија при Филозовскиот факултет на Универзитетот св. Кирил и Методиј од Скопје, а под раководство на проф.др. Антонио Јакимовски.

Оваа година, беа истражувани две локации на кои во претходните години со површинско рекогносцирање беше констатирано постоење на некропола.
И на двете локации, м.в. Перточна Вода и м.в. Горна Преслапта, откриени се две гробни конструкции. Според начинот на нивното оформување и скромниот

движен материјал (фрагменти од керамички и стаклени садови, и накит од бронза и железо) гробовите се датираат во V-VI век ст.е. Гробните конструкции се технички и фотодокументирани. Движните наоди се депонирани во Одделението за антика при НУ Завод и Музеј од Прилеп.



истражување Старо Бонче, м.в Горна преслапта - Гроб 2



истражување Старо Бонче, м.в Горна преслапта - наод од Гроб 2

III. Работи и активности на стручните служби

1.Педагошко водичката служба континуирано се реализираше во текот на целата година во сите објекти - надлежност на НУ Завод и Музеј Прилеп, и тоа:

- Спомен куќата на Кузман Јосифоски - Питу
- Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово
- Меморијален музеј 11 Октомври 1941 г
- Археолошка поставка
- Галерија на икони
- Музеј за тутун
- Могила на непобедените

Посетите на сите објекти се состојат од школска младина, поединечни, организирани од сојузите на пензионери и странски поединечни.
Во сите објекти регистрирана е посета од **5159** лица.

2. ИНДОК центар
Специјална библиотека

Во текот на 2013 година набавена е, примена и стручно обработена стручна литература од земјата и странство, добиена по пат на размена, претплата, и поклон.
Книжниот фонд на специјалната библиотека го сочинуваат :
книги **2303**,
списанија **1834** и
прирачна литература **159** примероци.
Едновремено се води постојана кореспонденција за набавка на книги и списанија по пат на размена и претплата.
Во склоп на работата на дигитализација на културното наследство за во базата на Националниот информативен систем обработени се и внесени 6 културни добра од недвижното културно наследство и започнат е процесот на дигитализација на движното културно наследство согласно упатствата и насоките од Управата за заштита на културното наследство.

Фотограф

Изработена е фото документација за:
-темелната реконструкција на монашкиот конак во манастирскиот комплекс Зрзе,
-од теренските истражувања на археолошкиот локалитет Македонски гробници, Сурун, Горно Село.
-Извршено е скенирање и обработка на негативи и фотографии за потребите на Одделенијата .
-Скенирани и обработени стари негативи за потребите на Одделението за заштита на културното наследство
-Сите направени увиди се поткрепени со соодветна фото документација.
-Изработка на фото документација за куќа на ул. Коча Миленку бр. 14 во Крушево
-изработка на фото документација од текот на конзервацијата на фрескоживописот во црквата св. Никола во с. Манастир, Мариово;
-Изработка на фотографии за извештаи по проекти.

Конзервација

Во текот на 2013 година извршена е конзервација и реконзервација на археолошки предмети од депоата на нашата установа изработени од различни материјали: глина, керамика, полупечена глина и др. како и предмети од постојаната археолошка поставка.
Прибирање на дополнителни податоци како што се: историска, стилска и иконографска, хемиска микробиолошка, конзерваторско-реставраторска и други анализи за потребите на изработка на Проектот за реконзервација на системот на жртвеници од локалитетот Врбјанска Чука од с. Славеј, прилепско.

Директор на
НУ Завод и Музеј Прилеп
Гордана Данилоска Спироска

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 ГОДИНА ЗА РАБОТАТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ П Р И Л Е П

музејска дејност

јануари 2014 година

I. ПРОЕКТИ ОД МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2013 година, во Програмата на Министерството за култура - музејска дејност, беа одобрени средства за реализација на 7 проекти и тоа:

1. **Изложбени активности, изложба, Античкиот град Стибера во римскиот период, центар за изработка на мермерна плоастика (изработка на комерцијални копии и макета)**
2. **Постојана етнолошка поставка при НУ Завод и Музеј, Прилеп**
3. **Едукација на ученици, професори и школоски персонал за духовното и социјалното културно наследство на Македонија, школите во музеите или музеите во школите**
4. **Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект-конзервација на 8 икони од Манастирот Трескавец, прилепско**
5. **Непосредна заштита - реализација на конзерваторски проект - конзервација на икона на платно од манастирот Трескавец, Прилеп - 20665 Крштевање Христово и Рождество Богородичино, икона на платно (двострана)**
6. **Документирање, проучување и истражување на збирката дела од Центарот за ликовна уметност**

Реализација на проекти од музејска дејност

1. **Изложбени активности, изложба, Античкиот град Стибера во римскиот период, центар за изработка на мермерна пластика (изработка на комерцијални копии и макета)**

Поради измени во условите за финансирање во текот на 2013 година, Проектот не е реализиран а средствата се пренесена обврска во 2014 година.

2. **Постојана етнолошка поставка при НУ Завод и Музеј, Прилеп**

Одобрени средства: За реализацијата на овој проект од Министерството за култура беа издвоени средства во висина од 150.000.оо ден.
Реализација: После извршената законска обврска со објавување на тендер, избраниот изведувач Ферплеј од Прилеп ги реализира следните градежни работи:

- отстранување на стариот малтер, поставување на нова подлога со крпење на ѕидовите, повторно малтерисување со лепак и мрежа па малтарење (глетовање со абрип) и фарбање со поликолор
- затворање на прозорците со кнауф и подконструкција
- отстранување на триканален оџак од кровот, таванот и самата сала после што следеше санирање на таванот и подот каде постоел оџакот.

При изведбата на овие градежни работи во салата при отстранувањето на оџакот од кровот, поради старост на зградта, соодветно на тоа и дотраеност на поткровната конструкција, дојде до целосно паѓање на покривот што предизвика, пролонгирање на рокот за изведба и дополнителни градежни активности:

- препокривање на кровот со лесонитни табли, изофлекс фолија и летви, после што се поставија керамидите и се замалтарија капаците.











3. Едукација на ученици, професори и школски персонал за духовното и социјалното културно наследство на Македонија, школите во музеите или музеите во школите

Раководител на проект: Александар Цветкоски, етнолог, виш кустос;
Одобрени средства: Во програмата за финансирање на проекти од национален интерес Проектот е поддржан со средства во висина од 150.000.оо ден.
Реализација: Проектот се реализира низ неколку активности:

- Иницијална работилница за договарање проектна соработка со сите основни и средни училишта во Прилеп, соработка со КУД Моминок и ТВ Канал Визија;
- Пишување обука за наставници;
- Печатење хендаути;
- Изработка на рекламен материјал (папки, пенкала, книжен рекламен материјал);
- Тематска обука за наставници;
- Реализација на школска проектна настава;
- Помош во обезбедување информатори и инструктажи за водење интервјуа;
- Собирање, рационализација и прилагодување на податоци за наставниците и децата на конкретни теми;
- Телевизиска емисија на ТВ Сител;
- 2 телевизиски емисии на ТВ Канал Визија;
- дописни кампањи;
- Генерална проба со секое училиште;
- снимање на перформансите;
- доделување на дипломи.






VIVA
VIVA



4. **Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект - конзервација на 8 икони од Манастирот Трескавец, прилепско**

Поради измени во условите за финансирање во текот на 2013 година, Проектот не е реализиран.

5. **Непосредна заштита - реализација на конзерваторски проект - конзервација на икона на платно од манастирот Трескавец, Прилеп - 20665 Крштевање Христово и Рождество Богородичино, икона на платно (двострана)**

Поради измени во условите за финансирање во текот на 2013 година, Проектот не е реализиран.

6. **Документирање, проучување и истражување на збирката дела од Центарот за ликовна уметност**

Поради измени во условите за финансирање во текот на 2013 година, Проектот не е реализиран а средствата во висина од 50.000.оо ден. се пренесена обврска во 2014 г.

Директор на
НУ Завод и Музеј, Прилеп
Гордана Данилоска Спироска

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 ГОДИНА ЗА РАБОТАТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ П Р И Л Е П

издавачка дејност

јануари 2014 година

Во Програмата за финансирање на проекти од областа издавачка дејност, во 2013 година беше прифатена реализацијата на проектот;

1. **Електронско издаваштво**
   Раководител на Проектот: Биљана Темелкоска, стручен работник
   Одобрени средства: 15.000.оо денари
   Временска рамка: септември 2013 г.
   Реализација: Проектот е реализиран и опфати одржување на веб страницата на НУ Завод и Музеј Прилеп како и нејзино ажурирање.

НАПОМЕНА: Иако до одделението за издавачка дејност, во месец септември, испратен е извештајот за реализацијата на Проектот, сепак одобрените финансиски средства не се доставени до нашата установа, истите се пренесена обврска во 2014 година.

Директор на

НУ Завод и Музеј од Прилеп

Гордана Данилоска Спироска